РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-753/3
22-06-2026 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 33-та седница одржана на 11.06.2026 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предметот број 12-2792/1 од 17.10.2025 година, поднесена со наводи против одговорни лица во Општина -------, **СЕ ЗАПИРА**.

Државната комисија за спречување на корупцијата утврди дека не постојат елементи за понатамошно постапување, имајќи предвид дека по предметниот случај веќе постапувале надлежни органи.

Предметот со број 12-2792/1 од 17.10.2025 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб-страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

До Државната комисија за спречување на корупцијата на ден 17.10.2025 година од страна на познати подносители е поднесена пријава со наводи против одговорни лица во Општина ----- во врска со спроведување на постапка за утврдување на правен статус на помошен објект – гаража лоцирана на КП бр.--- КО ------, како и во врска со донесено Решение ИП1 бр.----, по што е оформен предмет број 12-2792/1 од 17.10.2025 година.

Во пријавата подносителите наведуваат дека од 1964 година се корисници на помошниот објект – гаража на КП бр.--- КО -----, за кој редовно плаќале даноци и го одржувале објектот. Понатаму наведуваат дека согласно Законот за постапување со бесправно изградени објекти на ден 31.08.2011 година до

Општина ------- поднеле барање за утврдување на правен статус на бесправно изграден помошен објект, заведено под УП1 бр.-------.

Постапувајќи по барањето, Општината донела Урбанистичка согласност од 12.09.2013 година и Решение за утврдување на правен статус од 19.09.2013 година, со што објектот бил запишан во имотниот лист.

Подоцна, со Решение УП1 бр.----- од 14.03.2019 година, наведените акти биле огласени за ништовни, со образложение дека помошниот објект не е во функција на објект за домување или друг вид објект во рамки на истата градежна парцела.

Незадоволни од донесеното решение, ------- и ------- поднеле жалба до второстепениот орган – Министерството за транспорт и врски, кое со Решение УП2 бр.------ од 28.07.2020 година ја одбило жалбата како неоснована.

Против ова решение била поднесена тужба пред Управниот суд, кој со Пресуда У-3 бр.------- ја одбил тужбата како неоснована. Против наведената пресуда била изјавена жалба до Вишиот управен суд, кој ја одбил жалбата и ја потврдил пресудата на Управниот суд.

Заради проверка на наводите во пријавата и утврдување на фактичката состојба, ДКСК побара информации од Општина ----- и изврши увид во доставената документација.

Од доставената документација произлегува дека со Записник за извршен инспекциски надзор ИП1 бр.----- од 16.12.2024 година од страна на Секторот за инспекциски работи при Општина ----- е констатирано дека предметниот помошен објект има статус на бесправно изграден објект на државно земјиште и е изграден без соодветна техничка документација и без конечно одобрение за градење.

Врз основа на утврдената состојба, на ден 03.01.2025 година овластен градежен инспектор донел Решение ИП1 бр.-----, со кое се наредува отстранување на бесправно изградениот помошен објект.

Против ова решение на ден 16.01.2025 година била поднесена жалба до Државната комисија за одлучување во втор степен. Со Решение ИП2 бр.------ од 20.05.2025 година жалбата била одбиена како неоснована.

Со Записник од 11.07.2025 година е констатирано дека објектот не е отстранет и дека истиот нема утврден правен статус, соодветна техничка документација ниту конечно одобрение за градење.

На ден 28.07.2025 година е издаден Налог за извршување од страна на Градоначалникот на Општина -------, со што решението станало извршно. Поради објективни причини административното извршување е презакажано за 27.01.2026 година, со асистенција од Министерството за внатрешни работи.

Имајќи предвид дека по предметниот случај веќе постапувале надлежните органи – Општина ------, Министерството за транспорт и врски, Управниот суд и Вишиот управен суд – и дека постапките по однос на предметниот објект се водени и правосилно завршени пред надлежните институции, Државната комисија за спречување на корупцијата оцени дека не постојат елементи за понатамошно постапување согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Имајќи го предвид наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Претседател,**

**Адем Чучуљ**

Изготвил: м-р Ф.О., советник
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил/Miratoi: m-r S.D., член/anëtar

Доставено до:
-подносителот на пријавата

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија



